# искуства ВЕСТИ од светот



2020 • **4 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОАЗИСКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# СОДРЖИНА

**На насловната страна:** Рашми Рави Чандра (32), таа имала два неверојатни сона што, по нејзиниот површен христијански живот, довело до тоа целосно да му го предаде срцето на Исуса. Прочитајте за Рашми на страница 12.

### ЈУГОЦЕНТРАЛНА ИНДИЈА


4 Во потрага по вистинскиот Бог | *3 октомври*

6 „Нема да преживеете“ | *10 октомври*

9 Чудесно бебе | *17 октомври* **T**

12 Лек одозгора | *24 октомври*

15 Два незаборавни сонови | *31 октомври*

18 Спасен од бунар / *7 ноември* **T**

21 Тивок глас | *14 ноември*


### СЕВЕРОЗАПАДНА ИНДИЈА


24 Трите проучување на Библијата | *21 ноември* **T**

27 Лекар не може да си помогне себеси | *28 ноември*

30 Лав во куќата | *5 декември* **T**


### ЦЕНТРАЛНА ИНДИЈА


33 Патот по светот за да го најде Христа | *12 декември* **T**

36 Научи да сакаш | *19 декември* **T**

40 Програма на 13. сабота: Нападната од својот дедо | *26 декември*

43 Идни проекти на 13. сабота


**T** = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Вашите дарови на дело






Пред три години, дел од даровите во 13-тата сабота беа искористени за изградба на машки и женски спални соби во Адвентистичкото училиште Нагаланд, во Димапур, во североисточна Индија. Можете да преземате слики од нашата Фејсбук страница facebook.com/missionquarterlies.

Seventh-day Adventist Church®


© 2020 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа



Ендру Мекчизни

Ова тримесечје ќе го посветиме на Јужноазиската дивизија (ЈАД), во која се наоѓаат четирите држави: Бутан, Индија, Непал и Малдиви. Седиштето на оваа дивизија се наоѓа во Хосур, Индија. Во оваа област живеат 1,4 милијарди луѓе, вклучително 1,6 милиони верници адвентисти, што е соодност 1 адвентист на секои 872 луѓе.

Да се допре до 1,4 милијарди луѓе е огромен предизвик што може да се постигне само со божествена помош. Како дел од тие мисионски напори, Јужноазиската дивизија избра 11 проекти во Индија, кои ќе ги добијат средствата на 13-тата сабота од ова тримесечје. Проектите се наведени на крајот.

Ако сакате да ја направите вашата саботна школа интересен, можете да преземете мисионерско списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/EUD-fast-facts-2020 и да прочитате и на Фејсбук. Посетете и сакајте ја нашата страница на Фејсбук (Facebook.com/missionquarterlies).

## Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за:

- Изградба на машки спални соби на академијата Гармар во Разанагарам, во државата Андра Прадеш во Индија.
- Изградба на пет училници на адвентистичкиот колеџ Флајз, во Рустумбада во Андра Прадеш.
- Изградба на црковна зграда во Амритсар во државата Пенџаб во Индија.
- Изградба на црковна зграда во Ранчи, во државата Џарканд во Индија.
- Изградба на спални соби во адвентистичкото училиште Варанаси, во државата Утар Прадеш во Индија.
- Изградба на втората фаза од училишната зграда на адвентистичкиот колеџ Рурки, во државата Утараханд во Индија.
- Изградба на нови црковни згради во централна Канада и СаванагарТамил во државата Карнатака во Индија.
- Изградба на две училници во средното адвентистичко училиште Азам Нагар во државата Карнатака.
- Изградба на машки спални соби во меморијалното средно училиште Е. Д. Томас во Танџавур, во државата Тамил Наду, Индија.
- Изградба на лабораторија и библиотека во средното адвентистичко училиште Тирумала во градот и Тируванантапурам во државата Керала во Индија.
- Изградба на училишна зграда на адвентистичкиот универзитет Спајсер во градот АундПун во државата Махараштра во Индија.



# Во потрага по вистинскиот Бог

ИНДИЈА | 3 октомври

Џајашила Венкатеш, 34

До пред девет години, Џајашила живеела во екстремна сиромаштија во рурално подрачје во југоцентрална Индија.

Нејзиниот сопруг, Венкатеш, се борел да најде работа во градежништвото. Џајашила останала дома да се грижи за нивниот четиригодишен син и двегодишната ќерка. Секој ден во одредено време, таа правела паузи за да се поклонува на три слики, идоли од камен, во импровизиран семеен храм.

Затворајќи ги очите во молитва, таа би повторувала: „Дај ни храна денес, ние немаме пари. Дај ни храна барем за овој ден“.

Секој петок, нејзиниот сопруг и таа постеле и се молеле на идолите од зори до мрак. И покрај нивната посветеност на боговите, нивните молитви не биле услишени. Имало малку храна. Понекогаш некој добар сосед ќе донесел малку зеленчук. Но, семејството често останувало гладно.

Џајашила се прашувала зошто боговите го игнорирале нејзиното семејство. Таа барала други богови кои би можеле да одговорат на нејзината молитва.

Еден ден Џајашила забележала дека христијанската црква одржува свои богослужби во недела. Отишла со својот сопруг и со децата да се поклони. Таа сакала да го најде вистинскиот Бог.

Во тоа време, доживеала една здравствена криза. Родила девојче кое тешко дишело, а докторот не можел да стори ништо, велејќи: „Никој не може да ѝ помогне“.

Џајашила го замолила пасторот на црквата да се помоли. Тој се помолил на Исуса, а бебето закрепнало и почнало нормално да дише. Се прашувала дали го нашла вистинскиот Бог. По овој настан, секогаш кога некое од нејзините три деца ќе се разболело, таа одела кај пасторот и барала од него да се моли. Децата секогаш оздравувале и немало потреба да одат во болница.

Сепак, по некое време, пасторот умрел. Џајашила била вознемирена. Таа зависела од молитвите на пасторот за сите нејзини потреби.

Еден ден, сите три деца се разболеле. Не знаела што да прави, од кого да побара помош. Во нејзината црква немало пастори, затоа што две лица се расправале за тоа кој да ја води црквата. Таа не знаела како сама да му се моли на Исуса. Била исплашена. Плачејќи, ја зела Библијата и се обидела да ја чита. Имала само четири одделенија основно училиште, но некако успеала да ги разбере зборовите што ги читала. Тогаш очајно барала некоја информација за Исус. Додека читала, се изненадила кога дознала дека Исус го празнувал седмиот ден, сабота, а не недела. Отишла во нејзината црква, која веќе избрала нов пастор.

„Саботата е свет ден во Библијата“, му рекла таа на пасторот. „Зошто празнуваме недела?“

На пасторот не му се допаднa ова прашање, особено што потекнува од жена со мало формално образование.

„Ве опседнал ѓаволски дух“, возвратил тој. „Исус ги укина сите закони. Не грижи се за тоа“.

Таа го прифатила одговорот. Меѓутоа, неколку дена подоцна, слушнала како некое дванаесетгодишно девојче ги рецитира Десетте заповеди на молитвениот час во црквата. Девојчето особено ја нагласило четвртата заповед „Помни го саботниот ден, за да го празнуваш“ (2. Мојсеева 20,8).

По тоа, пасторот го пофалил девојчето што ги запомнило сите заповеди. Џајашила се прашувала зошто пасторот сметал дека е важно да се помнат Десетте заповеди ако Исус ги укинал.

По некое време, Џајашила отишла да го посети пасторот и видела копија од Десетте заповеди што виселе на еден од

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/Seeking the True God)

## Мисионски информации

- Традицијата учи дека апостол Тома им го проповедал евангелието на луѓето во Индија и дека ја основал несторијанската христијанска црква на југ. Историските списи велат дека христијаните од локалното население постојат во Индија уште од 4 век.
- Не е познато точно кога адвентистичкитеучења допреле до Индија, и кога започнало проповедањето на евангелието. Во 1890 година, С. Н. Хаскел и П. Т. Маган патувале во Индија од Калкута до Бомбај на своето мисионско патување.

ѕидовите во неговата куќа. Сега била навистина збунета. Таа се прашувала зошто тој би ги чувал заповедите закачени на ѕидот, ако повеќе не важат. За прв пат во нејзиниот живот, таа му се молела на Исуса: „Исусе, те молам покажи ми ја вистината“.

Таа ноќ сонила сон. Сонувала дека се трка во трка, а некој нагло запрел. Се разбудила исплашена дека е спречена да ја заврши трката. Не можејќи повторно да заспие, таа се молела: „Исусе, трчав во трка и сега не знам по кој пат да тргнам. Те молам, покажи ми каде да одам.“

Неколку дена подоцна, ја побарал некој нејзин роднина што не го видела седум години. Тој ѝ рекол дека почнал да оди во црква што ги држи Десетте заповеди, вклучително и саботата.

Денес, Џајашила и нејзиниот сопруг се верни и посветени членови на Христијанската адвентистичка црква. Тие отворија куќна црква во нивниот дом во селото. Семејството повеќе не живее во сиромаштија.

Пред неколку саботи, петнаесет мештани му го предале своето срце на Исуса во куќната црква.

Џајашила верува дека Бог одговорил на нејзините молитви покажувајќи и го патот по кој треба да оди.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на две црковни згради во Бенгалур, најблискиот голем град од домот на Џајашила.

Ви благодариме што планирате несебично да ги приложите вашите дарови.



# Нема да преживеете

ИНДИЈА | 10 октомври

Кубера, 31

Моите родители пораснале во село во внатрешноста на Индија. И двајцата доаѓаат од нехристијански домови. По нивната венчавка, тие се преселиле во големиот град Бенгалур, каде татко ми работел како полицаец.

Првата бременост на мајка ми била тешка. Откако се породила со царски рез, докторот рекол дека мајка ми нема да преживее.

Сите биле тажни, меѓутоа, го сакале бебето кое било здраво, згодно момче.

„Вашето бебе е многу убаво“, рекол некој пациент. „Дали сакате да ми го дадете? Јас би го посвоил“, рекол лекарот. „Нема да преживеете“.

Сепак, една од медицинските сестри, Сарала, која била христијанка, ѝ рекла на мајка ми да не губи надеж.

„Постои Бог чие име е Исус. Ако верувате во Исуса Христа, сѐ ќе биде добро“, рекла таа.

„Никогаш не сум слушнала за тој Бог“, рекла мајка ми со слаб глас. „Можеш ли да се молиш за мене? Можеш ли да ни помогнеш?“

Мајка ми заспала во длабок сон. Додека спиела, Сарала ја ставила раката над главата на мајка ми и се помолила на Исуса.

Сите биле изненадени кога мајка ми наскоро закрепнала и, три дена подоцна, се вратила во својот дом со своето дете. Таа слушнала од

## Во врска со искуството

- Ова искуство нека го раскаже еден брат од црквата, како негово лично искуство, во име на триесет и едногодишниот брат од Кубера, Индија.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Погледнете за Кубер на YouTube: bit.ly/Kubera-Mission

## Брзи факти

- Индија е втора по големина земја во која се зборува на англиски јазик по Соединетите Држави. Околу 10% од вкупното население во државата го користи англискиот јазик како мајчин јазик. Процентот се очекува да се зголеми за четирипати во следната деценија.
- Индиската телекомуникациска индустрија е најбрзорастечката индустрија во светот. Во текот на 2017 година, Индија ги престигна Соединетите Држави и стана втора земја со најголема продажба на паметни телефони во светот по Кина.
- Индија е една од најголемите демократски држави во светот.
- Постојат повеќе од 30.000 активни џамии во Индија. Овие бројки го надминуваат бројот на џамии во која било друга држава, па дури и во исламските држави.
- Постојат повеќе од 25 езера во Бенгалур кои обезбедуваат вода за градот, а исто така обезбедуваат и мир, тишина од градската врева и забава. Тие содржат големи екосистеми на флора и фауна, меѓу кои има и лилјани, јаканѓ кои личат на опашките од фазани, птици ткајачки, водни птици и разни папрати.
- Бенгалур бил првиот електрифициран град во Индија во 1905 година. Ова се постигнува со помош на хидроцентрали во Шивансамудри, на бреговите на реката Кавера.



Кубера со својата мајка, Камалама.

неколку пациенти за молитвата на медицинската сестра, сфаќајќи дека Исус го спасил нејзиниот живот.

Затоа одлучила да го слави Исуса, но не знаела во која христијанска црква да оди. Татко ми ја однел директно во христијанската адвентистичка црква. Иако не бил верник, тој бил запознаен со учењата на разните цркви во градот. Еден од неговите пријатели му рекол дека Адвентистичката црква е единствената што целосно ги следи учењата на Исус од Библијата.

„Тоа е вистинската црква“, цврсто рекол татко ми. „Треба да одите тука за да го прославувате Исуса“.

Во следните четиринаесет години, мајка ми роди уште седум деца.

Денес нејзиниот најстар син е претседател на Адвентистичката црква во Индија. Нејзиниот втор син е пастор во Ирска. Нејзиниот трет син е пастор во Бенгалур. Трите ќерки работат како учителки во црковните училишта. Нејзините двајца останати сина се активни верници. Јас сум најмладиот од нив.

Според мислење на лекарот, мајка ми требало да умре по раѓањето на првото дете. Меѓутоа, со молитва и вера во Исуса, таа остана жива и им даде живот на своите осум деца. Денес тие се верни адвентисти, кои го шират евангелието за Исуса Христа. Мајка ми, која, како мене, има само едно име, Камалама, е ситна седумдесет и двегодишна баба која има осум внуци.

Додека растев, мајка ми секогаш ме потсетуваше на Божјите зборови: „Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам“ (Исаија 49,15). Благодарение на нејзината вера, моето големо семејство чекори со Исуса.

Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје, ќе бидат искористени за изградба на две црковни згради во Бенгалур, каде што живеат Кубера и неговата мајка.

Ви благодариме што планирате несебично да ги приложите даровите за ширење на Исусовото евангелие.



# Чудесно бебе

ИНДИЈА | 17 октомври

Нилам Џошуа 34, Дарил,39 и Нешаун 3

Сакавме бебе. По две години брак, му реков на мојот сопруг Дарил, „Досега не добивме бебе. Ајде да го прашаме докторот, зошто ни се случува тоа".

Дарил се согласи, иако не сакаше да оди. Во болницата разговаравме со една докторка. „Не можам да останам бремена, дали може да ни помогнете?"

Таа се согласи, но Дарил рече: „Ние се моливме за ова. Точно е дека поминаа две години, но јас би сакал најпрво да се молам за тоа, а потоа повторно да дојдам".

Докторката праша колку долго сакаме да се молиме. Дарил, инаку пастор, рече, еден месец.

Се молевме и јас забременив. Бевме многу возбудени. Побрзавме кај докторката, а таа потврди дека сум бремена. Сепак, нè предупреди дека бебето изгледа многу мало, но рече: „Не грижи се, јаде добро и бебето ќе биде добро".

Одев на редовни прегледи. По пет месеци, докторката рече дека фетусот не расте нормално. Дарил и јас бевме загрижени.

„Не грижи се", рече лекарот, „ќе ти дадам лек за да му помогнам на бебето да напредува и да добива во тежина".

За време на следниот преглед, мојата тежина се зголеми, но бебето не напредуваше. „Дојдете повторно за неколку недели", рече докторката.

На следниот преглед, радиологот беше загрижен. „Нешто не е во ред. Мислам дека бебето нема да преживее", рече тој.

Докторот побара дополнително стручно мислење. Друг лекар исто така мислеше дека бебето нема да преживее и ме советуваше да направам абортус.

Јас и Дарил бевме потполно депресивни. Се молевме: „Господи, ние Ти служиме. Покажи ни што да правиме."

Дарил го повика својот брат близнак, кој работеше како педија-

## Во врска со искуството

- Замолете едно женско лице да го раскаже ова искуство во прво лице, сведоштво на триесет и четиригодишната Нилам од Индија.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Со Индија управувала Велика Британија од 1858 година до 1947 година, кога се стекнала со независност.

тар некаде во Индија. Тој нè советуваше да одиме во друга болница.

Во другата болница, докторот спроведе тестови и рече: „Видете, бебето ми изгледа нормално. Да видиме колку долго можеме да ја продолжиме оваа бременост.“

„Какви се нашите изгледи?“ праша Дарил.

„Вие сте пастор“, одговори докторката. Верувате во моќта на молитвата. Молете се. Во Божјите раце се наоѓа силата“.

Бев хоспитализирана. Секој час, вработените во болницата ја проверуваа мојата состојба. Таа ноќ, кај нас дојде еден млад доктор, на специјалистичко стажирање и рече: „Изгледате како среќна брачна двојка. Зошто се грижите?“

Му го кажавме нашиот проблем.

Тој рече дека е роден во нехристијанско семејство, но дека во меѓувреме го прифатил Исуса. „Може ли да се помолам за тебе?“ ме праша тој.

Ја наведна главата и се молеше: „Боже, Ти кој можеш да го запреш движењето на сонцето, можеш да направиш чудо во животот на ова семејство“.

Неговата молитва ни даде надеж и доверба дека Бог ќе стори нешто.

Два дена подоцна, лекарот изрази загриженост. „Бебето е многу мало, а шансите да преживее се многу слаби, но не грижи се, ќе дадеме сè од себе“.

Бебето се роди во сабота наутро. Тежеше само 680 грама. Докторката беше толку среќна кога бебето почна да плаче. Беше сместено во инкубатор.

Таа не знаеше што да ни каже, но сепак рече: „Ние правиме сè што е во наша моќ“.

Пристигнаа студенти адвентисти од блискиот медицински колеџ, кои дојдоа да ни пеат во сабота попладне. Бевме пресреќни.

Имавме доверба во Бога дека Тој ќе стори сè за да го спаси животот на бебето.

Беше навистина тешко да го гледаме нашето бебе толку мало и кревко, а со толку многу цевки врзани за него. Не смеевме да го допреме. Можевме само да му пееме и да се молиме.

„Не плаши се, Бог ќе се грижи за тебе", пеевме јас и Дарил.

Во следните три дена, тежината на бебето се намали на 600 грама. Докторката беше загрижена поради интервенцијата што требаше да ја изврши за да го спаси животот на бебето.

Побарав од адвентистичкиот доктор, кој беше во посета, да се моли за нашето бебе.

„Господи, човечки гледано, не знам дали ова бебе може да преживее, сепак, ти си Бог што прави чуда. Ако е твоја волја, зголеми ја тежината на бебето за да може да се бори. Нека ова бебе биде сведоштво на Твојата љубов и сила".

Следниот ден, бебето доби 10 грама во тежина. Секој нареден ден тежината се зголемуваше. Кога по три месеци достигна 1,6 кг, докторката изјави дека можеме да одиме дома. „Вашето дете е многу долго во болницата, мислам дека е време да си оди дома".

Друг доктор се восхитуваше што бебето преживеа. „Ова е резултат на вашите молитви", рече тој. „Ова е навистина дело на Божјата рака".

На малото момченце му го дадовме името Нешаун, што на еврејски значи „чудо". Се надеваме дека тој никогаш нема да заборави дека неговото раѓање навистина беше чудо.

Ние го посветивме да му служи на Бога како пастор еден ден. Псалм 150,6 вели: „Сè што дише - нека Го фали Господа! Алилуја" (Псалм 150,6).

Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе се употребат за изградба на две црковни згради во градот на Нилам, Бенгалур.

Ви благодариме што планирате да ги приложите своите дарови за да им помогнеме на нашите браќа и сестри во Индија.



# Лек одозгора

ИНДИЈА | 24 октомври

Сандип Колкар 35, Рамија 29 и Ајуш 7

Учителката од државното училиштa ја повлекла на страна брачната двојка адвентисти, откако ја слушнала нивната медицинска презентација во нејзиното училиште.

„Мојата свекрва страда од сериозен проблем со грбот“, рекла таа. „Можете ли да ѝ помогнете?“

Учителката, Ајша, ја поканила брачната двојка да дојде во куќата на нејзината свекрва. Сандип и Рамија неодамна ја завршиле медицинската обука, а здравствениот семинар што го одржале во училиштето бил нивниот прв семинар. Тие се надевале дека ќе можат низ цела Индија да држат здравствени семинари и да промовираат природни третмани засновани на Библијата и на пораките на Елена Вајт.

Двојката отишла кај свекрвата, Шубанги, која лежела в кревет. Таа потрошила многу пари на различни третмани, но безуспешно. Сега била в кревет и не можела да оди ниту да живее сама. Нејзината снаа живеела во истата куќа, но се преселила заедно со сопругот и синот, бидејќи не можела повеќе да се грижи за неа.

Сендип почнал да го разгледува целиот куп медицински документи. Рамија гледала во нејзината торба полна со медицински шишенца. Беспомошно се погледнале еден со друг. Не знаеле што да прават.

Тие штотуку ги завршиле студиите и никогаш не пробале природни лекови при толку тежок случај. Искрено се молеле Бог да им помогне.

„Ајде да пробаме нешто“, рекол Сендип на свекрвата. „Дали би се согласиле да престанете да ги земате сите ваши лекови пет дена?“

Шубанги се согласила, и тие започнале со третманите. Рамија изведувала хидротерапија и масажи наутро и навечер. Правела

сокови од свеж зеленчук за јадење. Третиот ден, Шубанги станала, и за прв пат по неколку месеци лежење, малку одела. Солзи се лееле од нејзините очи.

„Синот и снаата ме оставија да умрам“, рекла таа. „Тие не се грижат повеќе за мене поради оваа болест“.

„Молете се на Бога и Тој ќе ги врати“, рекол Сендип. Шубанги не била христијанка. Нејзината куќа се наоѓала во строго нехристијански дел од градот. Освен тоа, ако нејзините соседи виделе некој со Библија, тие би направиле проблем.

Сендип се молел и на Шубанга ѝ подарил Библија на нејзиниот мајчин јазик.

„Читајте по една страница од оваа Библија секој ден и молете се на Исуса“, рекол тој. „Бог ќе го врати вашиот син, и снаата и внукот“.

По пет дена лекување, свекрвата повеќе не чувствувала болка. Таа закрепнала и нејзиното здравје било совршено добро.

Десет дена подоцна, го повикала Сендип.

„Сине, ми рече да ја читам Библијата секој ден и да се молам, и мојот син ќе се врати. Тоа не се слу-

## Во врска со искуството

- Со Индија управуваше Велика Британија од 1858 година до 1947 година, кога се стекна со независност.
- Погледнете го Сендип и неговото семејство на јутјуб-клипот на врската: bit.ly/Sandeep-Kolkar.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Мисионски информации

- Официјалниот почеток на активностите на адвентистите во Индија датира од 1893 година, кога Вилијам Ленкер и А. Т. Струп, колпортери од САД, дошле во Мадрас и ги започнале своите активности меѓу луѓето во подрачјето каде што се зборува на англиски јазик во главните индиски градови. Ленкер подоцна во своите списи изјавува дека има адвентисти кои работат во различни градови на Индија.
- Индија нема државна религија, но тоа е родно место на 4 големи религии: хиндуизам, будизам, јаинизам и сикизам. Околу 80% од населението во Индија се сметаат за хинду-следбеници.

чи, а поминаа веќе десет дена“, рекла таа.

Сендип дознал дека читала три страници секој ден, една наутро, друга напладне и трета навечер – како да го следи времето за терапија. Таа се надевала дека ќе го забрза Божјиот одговор на нејзините молитви.

„Продолжете да се молите и Бог ќе направи чудо“, рекол Сендип.

Три дена подоцна, снаата му испрати порака на неговиот мобилен телефон.

„Сега живеам во куќата на свекрва ми“, напишала таа.

Семејството било обединето.

Денес свекрвата редовно ја чита Библијата. Таа, како охрабрување, испраќа стихови од Библијата за Сендип и Рамија и се моли за нив.

Сендип и Рамија се пресреќни.

„Ова е добар почеток“, вели Рамија.

„Таа беше нашиот прв пациент . Не знаевме како да се справиме со ова. Медицинската обука што ја поминавме, само ни ги даде основните принципи. Некако Бог нè водеше. Ова е навистина чудо“.

Потоа го цитирале повикот на Елена Вајт за медицински евангелизам и здравствено образование, на стр.12: „Додека здравствените мисионери работат на телото, Бог делува на срцето”.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат искористени за изградба на две црковни згради во Бенгалур, најблискиот голем град до местото каде што живеат Сандип и Рамија со нивниот седумгодишен син Ајуш.

Ви благодариме што планирате сесрдно да го приложите својот дар на 13-тата сабота.



# Два незаборавни сона

ИНДИЈА | 31 октомври

Рашми Рави Чандра, 32

Родена сум во нехристијанско семејство, како најстара ќерка од шест женски деца. Уште како млада, бев привлечена кон христијанскиот живот. По некое време, се вљубив во едно момче, адвентист по име Рави. Му го предадов срцето на Исус и се венчавме.

Живеевме среќно во првите три месеци од бракот, а потоа се разболев. Ја губев свеста во текот на денот и ми се случуваше одеднаш да се онесвестам. Моите родители мислеа дека ме опседнуваат демони затоа што го прифатив христијанството и го вртев грбот на нивната религија. Како и да е, татко ми ми предложи да го повикам адвентистичкиот пастор да се моли за мене.

Јас и Рави отидовме во домот на пасторот во нашиот град, Бенгалур, и тој ја стави раката над мојата глава молејќи се: „Ако е твоја волја, Господи, таа да продолжи во својот нов живот како христијанка, те молам, употреби ја силно во својата служба и отстрани ги сите сатански сили“.

Додека маж ми спиеше мирно таа ноќ, јас имав вознемирувачки сон. Сонував група луѓе во црни униформи што ме опкружуваа. Еден од нив беше видно повисок од другите. Една секунда ми викаше, ми ја зеде раката и викна: „Зошто отидовте во црквата на адвентистите?“ Тој му укажа на високиот човек, велејќи: „Ова е твојот Бог. Треба него да го славиш. Не треба да одиш кај Исус“. Високиот човек беше мошне лут. Се плашев да го погледнам, ја спуштив главата и плачев.

Еден момент подоцна, некој во бела облека пријде зад мене, ставајќи ги рацете на моите раменици. Не можев да го видам

неговото лице, туку само неговата облека. Го чувствував неговиот допир, кој беше мек и нежен.

„Не плаши се. Јас сум со тебе", рече тој со нежен, мелодичен глас. Покажувајќи кон високиот човек во црна облека, Тој рече: „Сега можеш да го погледнеш неговото лице".

Со самодоверба што ја охрабија неговите раце на моите раменици, можев да погледнам директно во разбеснетиот човек во црна униформа. Неговото лице беше сурово, изобличено од гнев кон мене.

Следното утро, Рави и јас се вративме во домот на пасторот да му раскажеме за сонот.

„Господ Исус е оној што ги ставил рацете на твоите раменици", рече пасторот. Потоа се молевме заедно.

Од тој ден престанав да паѓам во бесознание.

Би сакала да кажам дека мојот живот се промени одеднаш, но требаше време за да дојде до таа промена. Пред да се омажам, бев многу тврдоглава. Иако му го предадов моето срце на Исуса, некои елементи од културата на мојот народ ми останаа во умот, како, на пример, одење на верски обреди со моето семејство. Не мислев дека саботата беше значајна. Сепак, откако го сонував сонот, мојот сопруг и пасторот почнаа да се молат за мене. Со текот на времето, ги отфрлив работите што ме попречуваа во христијанскиот живот, и потполно ја прифатив сабота како Божји ден за одмор.

Потоа, имав друг сон. Слушнав мек глас да ми рече: „Не греши, наскоро ќе застанеш пред суд." Тоа беше пријатен глас и не се исплашив и покрај застрашувачките зборови.

Се разбудив, беше полноќ, и му кажав на сопругот за мојот сон. „Тоа сигурно е Светиот Дух", рече тој. „Сатаната никогаш не зборува за судот. Биди внимателна".

По тој сон, го преиспитав мојот живот со молитва. Со Божја помош, станав помалку тврдоглава. Почнав поупорно да Му се молам на Бога за да ги надминувам искушенијата. Јас и мојот сопруг почесто се молевме заедно. Почнав да учествувам во црковните мисионски активности.

Денес имаме два сина на возраст од шест и десет години, кои пеат и свират во црква. Јас сум вработена како службеничка во владина организација и работам во недела наместо во сабота. Моја желба е да им сведочам на луѓето кои не се христијани. Одушевена сум што двајца мои колеги на работа изразија интерес да дојдат во мојата црква.

Благодарна сум на Бога за овие два сона. Преку овие сонови, сфатив дека Исус е секогаш со мене. Донесов цврста одлука да му се предадам целосно Нему.

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на две црковни згради во Бенгалур. Ви благодариме што планирате несебично да ги приложите вашите дарови за Исуса.

## Во врска со искуството

- Замолете некоја сестра од црквата да ја раскаже оваа приказна во прво лице, како нејзино искуство. Нека нè запознае со приказната, со животното искуство на жена по име Рашми од Индија.
- Погледнете го видео клипот за Рашми, на линкот: bit.ly/Rashmi-Chandra.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Мисионски информации

- Во јули 1915 година, во Коимбатор, во јужниот дел на индиската држава Тамил Наду, беше отворено училиште за обука. Во текот на следните 27 години, училиштето се селело прво во Бенгалур, а потоа на сегашната локација во Пруне.
- Името на училиштето, исто така, беше сменето неколку пати: од колеџ Спајерс во 1937 година, во чест на адвентистичкиот пионер Вилијам Спајсер, потоа во Мисионскиот колеџ Спасјер во 1943 година, Меморијален колеџ Спајсер во 1955 година и конечно адвентистичкиот универзитет Спајсер во 2014 година, скоро 100 години по првото отворање.



# Спасена од бунар

ИНДИЈА | 7 ноември

Шилама Дораирај, 66

Сопругот на Шилама страдал од проблеми со стомакот и трагично починал во болница на 30-годишна возраст.

Шилама имала дваесетгодишен син и петгодишен син во родното село Белари, кое се наоѓа на 300 км северно од Бенгалур. Во својата тага, таа ги симнала златните обетки, ѓерданот и прстенот на носот и ѝ ги подарила на сестра си.

„Одам да посетам некого“, рекла таа. „Грижи се за мојот син, Раж, додека не се вратам“.

Меѓутоа, Шилама не планирала да се врати. Таа отишла во соседното село и скокнала во длабок бунар обидувајќи се да се самоубие. Меѓутоа, некој тогаш дошол по вода на бунарот и ја видел како лебди во несвест на површината на водата. Мештаните брзо дошле да ја спасат. Еден човек, со помош на јаже, се спуштил во бунарот, извлекувајќи ја во кошница.

Мештаните веднаш запалиле оган и ја облекле во сува облека. Кога се освестила, тие налутено почнале да ѝ поставуваат прашања.

„Зошто не го стори ова во своето село?“ прашал еден.

„Можеше да се убиеш во твоето село“, додал друг.

Но, тогаш ја препознале и ја прашале за нејзиниот син.

„Зошто се обиде да се самоубиеш кога имаш син? И ако си сиромашна, барем можеше да просиш за храна“, рекол некој.

Мештаните ја испратиле до нејзиното село, до куќата на нејзината сестра.

Шилама не сакала да остане таму. Таа сега сакала нов живот. Еден месец подоцна, го зела Раж и го однела со воз во Бенгалур. Меѓутоа, таа не познавала никого во градот. Немала ниту роднини, ниту пријатели.

На железничката станица луѓето ја виделе оваа сиромашна мајка и ѝ рекле да се врати во нејзиното село.

„Млада си“, рекој некој човек.

„Имате мало дете“, рекол друг. „Бенгалур не е безбедно место“.

Шилама немала намера да се врати назад. „Нема да се вратам. Оставив сè за да дојдам овде. Не сакам да се вратам назад“.

Еден возач на „рикша“ ѝ понудил бесплатно возење, оставајќи ја пред катедралата.

Шила седнала пред зградата плачејќи и молејќи им се на своите богови. На земјата пред неа, таа забележала картичка со слика на Исус. Самата не била христијанка, но го препознала Исуса.

„Помогни ми“, му се обратила таа, земајќи ја разгледницата .

По некое време, некоја жена излегла од катедралата, давајќи им малку ориз и кари за да имаат што да јадат.

„Врати се во своето село“, ѝ рекла жената.

„Јас сум вдовица, мојот сопруг почина. Имам мало дете.

## Во врска со искуството

- Погледнете го Шилам на youtube: bit.ly/Sheelamma-Dorairaj
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Постојат 3 милиони километри патишта во Индија, што ја прави втора по големина патна инфраструктура во светот по Соединетите држави.
- За време на свадбените церемонии, Индијците ги декорират гостите и просторијата каде што свадбата се одвива со цветови од невен. Ова цвеќе претставува радост и среќа.
- Бенгалур се смета за силиконска долина во Индија. Голем број мултинационални компании отвориле свои претставништва таму, што резултира во прилив на ИТ инженери и странци во градот.
- Џиван Река експрес или „Експрес линија на животот“ е болнички воз што крстари низ индиските железници, одејќи во оддалечени рурални области каде што е потребна медицинска помош. Возот има две операциони сали со пет столици и шест кревети за закрепнување на пациентите. Возот има и просторија за офталмологија, стоматолошка единица, лабораторија и просторија за рентген. Постои оддел за сместување на персоналот со 12 легла. Медицинскиот персонал извршува ортопедски и офталмолошки процедури, како и пластична хирургија за расцеп на непцето и изгореници. Покрај тоа, медицинскиот персонал обезбедува третмани за епилепсија, скрининг, вакцинации, совети за исхрана, како и промоција на здрави навики кај сиромашната популација во руралните области.

Те молам, дај ми некоја работа.“

„Многу луѓе доаѓаат кај нас да бараат помош“, одговорила жената. „Не можеме да ви помогнеме“.

Додека Шилама и жената разговарале, една друга жена поминувала и прашала зошто Шилама плаче.

Кога ја слушнала нејзината приказна, ја повикала кај себе и ѝ помагала да најде работа како домашна помошничка.

Човекот, чија куќа ја чистела, бил пастор на адвентистичката црква. Тие наскоро се спријателиле.

„Дали знаете да читате и да пишувате?“ ја прашал еден ден.

Дознавајќи дека е неписмена, ја научил да пишува. Исто така, таа полека почнала да ја чита Библијата, и во сабота почнала да оди во црква. Наскоро му го предала своето срце на Исуса.

Кога пасторот се преселил во Мумбаи, друг пастор ѝ помогнал да најде работа како чистачка во адвентистичката школа Спенсер Роуд. Таа работела таму во следните 34 години, сè додека не заминала во пензија во 2004 година.

„Среќна сум“, изјавува Шилама. „Потекнувам од никаде, а Бог ми покажа каде треба да одам, доведувајќи ме во Неговата црква. Го славам Бога што ме благослови. Мојот живот е добар благодарение на Него.”

Дел од даровите на 13-тата сабота ќе бидат искористени за изградба на нова црковна зграда во пренатрупаната адвентистичка црква Централна Канада во која оди Шилама во Бенгалур, Индија.

Ви благодарам што планирате со цело срце да ги приложите своите великодушни дарови на 13-тата сабота.



# Тивок глас

ИНДИЈА | 14 ноември

Вилбур Переира, 44

Вилбур Переира управувал автомобил со роднина што не го видел триесет години. Додека патувале на свадба во југоцентрална Индија, сопругата на Вилбур се јавила за да види како се одвива патувањето.

„Одлично, му благодарам на Бога!“ одговорил Вилбур.

Роднината, Волтер, изненадено погледнал во него. Во Индија нема многу христијани. „Која е твојата религија?“ прашал тој.

Вилбур објаснил дека оди во христијанска црква секоја недела уште од детството, но дека отфрлил многу од тие верувања.

„Сè е паганство. Библијата вели: „Јас сум Господ, твојот Бог, немам други богови со мене“, сепак, црквата ја велича Марија, светци и многу идоли. Јас ја барам вистината.“

„Не грижи се“, рекол Волтер. „Близу си до вистината. Еден ден Бог ќе те доведе во вистинската црква“.

На свадбата, банкетот се состоел само од вегетаријанска храна. Вилбур бил разочаран што нема свинско месо.

Кога се вратил дома, тој ја продолжил потрагата по вистината. Посетувал нехристијански места за богослужба во родниот град Бенгалур. Знаел дека вистината за Бога ја има некаде и тој сакал да ја пронајде.

Бил сè повеќе и повеќе убеден дека неговата црква од младоста го одвојува од учењата на Библијата. Во сабота, ѝ рекол на својата сопруга Ненси дека не сака повеќе да оди во црква со неа.

„Не можам повеќе да одам во црква со тебе. Оваа црква погрешно учи со своите пагански верувања“, рекол тој.

Таа вечер, Ненси ги поканила членовите на семејството да разговараат со него и да го убедат да продолжи да оди во црква со неа. Сепак, тој останал цврсто убеден во својата одлука. Во исто време, тој размислувал во која црква да оди.

Изутрина, сè уште размислувал во која црква да оди додека чекорел кон продавницата да купи нешто за подготовка на ручекот. Одеднаш, тој слушнал тивок машки глас.

„Јави му се на својот роднина“, му рекол гласот.

Вилбур го игнорирал гласот и продолжил да оди.

„Јави му се на својот роднина“, рекол гласот повторно.

Вилбур застанал.

„Јави му се на својот роднина“, го слушнал истиот глас и по трет пат.

Тој го извадил мобилниот телефон и го повикал роднината Волтер. Откако му раскажал за несогласувањата околу одењето во црква со сопругата, го прашал во која црква оди неговиот роднина.

„Одам во Христијанската адвентистичка црква“, одговорил Волтер.

Вилбур го забележал и порано знакот на адвентистичката црква, но не знаел ништо за нејзиното учење.

Волтер организирал библиски проучувања за Вилбур три дена во текот на таа седмица. Следната сабота, Вилбур отишол во англиската адвентистичка црква Хајстрит. Посебно му се допаднало проучувањето на Библијата во саботната школа.

Нанси се противела на новата вера на Вилбур и се расправала со него секој ден. Како и да е, таа била изненадена додека гледала како неговиот начин на живот полека се менува. Ѝ се допаднало што тој повеќе не користи тутун ниту пие алкохол. Била восхитена што подготвувал храна за сабота, ден порано. Таа не можела да разбере зошто престанал да јаде јајца и млечни производи, давајќи му ги на нивниот мал син.

Вилбури објаснил дека сака да Го слави Бога во секое свое дело, вклучувајќи го и празнувањето на саботата и третирањето на своето тело како Божји храм. Таа морала да признае дека неговата здравствена состојба била подобра од нејзината. Таа страдала од хронична болка во вратот.

Кога адвентистичката црква организирала бесплатна здравствена клиника, Вилбур ја поканил Нанси да дојде со него и да дознае нешто ново и добро за здравјето. Таа била поттикната кога

го слушнала докторот како ја опишува тесната врска меѓу физичката и духовната благосостојба. Тоа била нова идеја за неа.

Кога се вратила назад во својот дом, таа радосно ги повикувала своите пријатели да им зборува за клиниката.

Следната сабота, ја одбила поканата да оди со него во црква, но му дозволила да го одведе нивниот син во црква за прв пат. На момчето му се допаднала детската саботна школа, приказната за деца во црквата и заедничкиот ручек. Таа вечер, тој со нетрпение ѝ кажал на својата мајка за сè што видел. Љубопитноста на Нанси била заинтригирана. Тогаш се заинтересирала и прашала за библиски проучувања.

Неколку дена подоцна, кога дознала за саботата во текот на проучувањето, таа веднаш заземала став.

„Никогаш повеќе нема да работам во сабота“, рекла Ненси. „Дури и да ја изгубам работата, нема да работам“.

Денес, Вилбур и Нанси работат како здравствени работници, подучувајќи ги луѓето за добри здравствени принципи.

„Ние допираме до луѓето што имаат потреба, ги учиме за здравствените принципи, поврзувајќи ги со вистинскиот Исцелител“, вели Вилбур.

Ова тримесечје даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени за изградба на две црковни згради во Бенгалур, најблискиот голем град од местото каде што денес живее Вилбур со своето семејство.

Ви благодариме што планирате да го поддржите Божјето дело во Индија со вашите великодушни дарови.

## Во врска со искуството

- Погледнете го видео клипот на YouTube со врската Vi lbur : bit.ly/Wilbur-Pereira .
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Повеќе од 4.700 дневни весници на 300 различни јазици се отпечатени во Индија.
- Национален симбол на Индија е загрозениот бенгалски тигар.
- За време на Втората светска војна, препознатливата купола на Таџ Махал била покриена со трска од бамбус за да се скрие од непријателските бомбардери.



# Три напади при проучување на Библијата

ИНДИЈА | 21 ноември

Алка Мат, 36

Пасторот Самсон држел библиски предавања од книгата Откровение на Алка и четиринаесет членови на нејзиното семејство во големата спална соба во нивниот дом во Амритсар, Индија.

Додека зборувал, тој стоел на едниот крај од собата, а членовите на семејството биле наредени на креветот и на подот.

„И беше исфрлен големиот змев старата змија, наречена ѓавол и сатана, која ја мами целата вселена, беше соборена на земјата, и заедно со неа и ангелите нејзини беа исфрлени“ (Откровение 12,9). Тој го прочитал библискиот текст.

Скокајќи од подот, свекорот на Алка, Шашипал, заканувачки му пристапил на пасторот: „Зошто проповедаш за Исус?“ извикал со гнев во очите: „Јас сум посилен на оваа земја“.

Пасторот Самсон почувствувал дека демонот се обидува да го исплаши. Потоа се сетил на зборовите од Првото Јованово послание: „Вие сте, чеда, од Бога и нив сте ги победиле; зашто Оној, Кој е во вас, е поголем од оној што е во светот“ (1. Јованово 4,4).

Тогаш тој рекол: „Не плашете се, ајде да клекнеме и да се молиме“.

Шашипал одбил да клекне, продолжувајќи да вика. Пасторот ја ставил раката на неговото чело и го погледнал директно во окото, велејќи:

„Тебе, ѓаволу, Господ Исус веќе те победи со својата смрт на крстот на Голгота. Јас сум покриен со крвта на Исус. Немаш моќ над мене. Немаш моќ над моите пријатели кои се молат со мене. Исус е тука. Господовиот Дух се излева над нас да го надвладее ѓаволот. Во името на Господ Исус Христос и Неговата крв, пови-

кувам сила и те укорувам. Во името на Исус, излези од него и оди си“.

Шашипал паднал на колена. Зборувајќи бавно и спокојно, постариот човек рекол: „Ти благодарам Исусе“.

Демонот заминал.

„Амин, слава на Бога!“ изјавил пасторот Самсон го повел семејството да Го слават Бога со песната „Бог е толку добар“.

Една седмица подоцна, пасторот продолжил да ја проучува Библијата и да го чита Откровението, „Тие го победија со крвта на Јагнето и со словото на своето сведоштво и не се грижеа за животот свој дури до самата смрт“ (Откровение 12,11).

Додека ги изговарал овие зборови, шеснаесетгодишниот син, Јован, почнал да ’рже како лав, а потоа почнал да рика како магаре, па да лае како куче и да шишти како змија.

„Не сакам пасторот да дојде овде и да се моли“, викал тој. „Не изговарај го името на Исус во мојата куќа“.

Пасторот Самсон почувствувал дека е истиот демон од претходната седмица и дека сега дошол со засилување.

„Не плаши се“, рекол пасторот. „Да постиме и да се молиме“.

Семејството постело во текот на светлиот ден од денот во наредните три дена. Третиот ден, петок навечер, пасторот повторно дошол во домот на Алка за да ги продолжи своите библиски проучувања.

Тој се насмевнал додека се придружувал на семејството во молитва на колена.

## Во врска со искуството

- Видите за Алка во видеоклипот на YouTube: bit.ly/Alka-Mattu.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Пенџаб, индиска држава која граничи со Пакистан е центар на заедницата на сиките.
- Амритсар е познат по своето производство на пашмини и дрвени шаховски табли и пиони.
- Зборот Пенџаб е кованица од два персиски збора „панџа– пет“ и „аб– вода“, што значи земја на пет води. Тоа се реките: Бики, Ченаб, Јелум, Рави и Сутјеџ).

Наместо да ’рже, да рика, лае или шишти, нежно ја зел раката на пасторот и ја ставил врз своето чело.

„Ве молам да се молите за мене“, му рекол тој на пасторот. „Се чувствувам слабо и во срцето ми е тешко, а главата ми боли.“ Пасторот Самсон се молел за него, а Џон никогаш повеќе не испуштал звуци на животни. Сепак, не се завршило овде.

Следната седмица, тој читал за потребата христијаните да се облечат во Господовиот штит за да му се спротивстават на ѓаволот, како што пишува во Ефесјаните 6,10-18.

Како што читал, сопругот на Алка, Суриндер, се свртел кон Џон и почнал да вика: „Каде се демоните кои беа во тебе? Нема повеќе демони во тебе, сега се во мене!“

Пастор Самсон го повикал семејството да клекне. По молитвата, тој ги повикал да ги отворат своите Библии и да прочитаат Псалм 23 и Псалм 91.

„Ова е последното прибежиште на ѓаволот“, рекол пасторот.

Потоа, тој го повикал семејството да пее песни во слава на Бога. Демоните го напуштиле и никогаш повеќе не се вратиле во овој дом.

Алка и нејзиниот дом минале долг пат од нивниот претходен живот во една од големите светски нехристијански религии, до денешниот ден, како христијани. Тие продолжуваат да ја запознаваат благодатта и праведноста на Господа Исуса Христа.

„Ве молам, молете се за целото мое семејство, а посебно за мајка ми, да го прифати Исуса“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на поголема црква, која ќе ја замени дотраената пренатрупана црква во Амритсар, каде Алка го прославува Бога.

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства како дар за Божјето дело да напредува во овие краишта.



# Вражарот што не можел да си помогне себеси

ИНДИЈА | 28 ноември

**Багича Синг, 70**

Багича Синг целиот свој живот го поминувал прославувајќи и поклонувајќи им се на дрвја и идоли во своето семејно светилиште во едно мало индиско село.

Тој верувал во моќта на своите богови и ним им благодарел што му помогнале да се збогати како селски вражар. Луѓето доаѓале масовно во неговиот дом во селото Мундрихуримра, за да се лекуваат.

Багича имал сѐ што сакал, освен една работа: тој немал мир во своето срце.

По некое време Багича се разболел. Блуел постојано, чувствувајќи слабост и го мачеле чести главоболки. Тој се свртел кон своите магии за да се излечи. Меѓутоа, се чини дека магиите, коишто им помагале на другите, не влијаеле на него. Плаќал големи суми пари на разни лекари, меѓутоа, никој не можел да му помогне. Паднал во таков очај што веќе почнал горко да плаче.

„Умирам, умирам“, им велел тој на членовите на семејството.

Неговата работа како исцелител почнала да опаѓа. Извесно време, луѓето продолжиле да доаѓаат за да им помогне, но тој ги одвраќал велејќи: „Не можам да ве лекувам, затоа што и самиот сум болен“.

Еден ден, синот на Багича повикал пионер на светската мисија кој ја водел Христијанската адвентистичка црква во блиското село, барајќи од него да се моли за неговиот татко.

Пионерот на светската мисија, Самсон Сони, дошол во домот на Багича, но вражарот-исцелител одбил да разговара со него.

„Јас не сакам молитви“, рекол Багича. „Моите враџби се посилни од вашиот Бог.“

Самсон не се обесхрабрил, туку продолжил да се моли.

По посетата, здравјето на Багича се влошило и тој бил однесен во болницата во Џаландар, град со еден милион луѓе, што било 90 минути возење од селото на Багича. Во болницата, докторот направил тестови и утврдил дека Багича има тумор на мозокот.

„Наскоро ќе умрете ако не се оперирате“, рекол докторот.

Меѓутоа, операцијата била скапа. Багича се здобил со големо богатство како исцелител, но потрошил многу пари во потрага по лек. Сега, неговото семејство и тој имале само половина од потребните средства за неопходната операција.

Самсон слушнал дека Багича е во болницата и отишол да го посети. Постариот човек се чувствувал беспомошно, и почнал да пцуе кога го видел Самсона. Тој се свртел кон лекарот што стоел таму, и рекол: „Еве, доаѓа Исус да ме излечи“.

Самсон побарал од докторот дозвола да се помоли. Кога докторот одобрил, почнал да се моли  плачејќи и низ солзи велејќи:

„Најмил Господе, во Исусово име те молам, исцели го господинот Багича, на слава на Исусовото свето име, амин“.

Следното утро, лекарот направил тестови и навистина се изненадил што не можел да забележи ниту трага од туморот. Тој повикал специјалист за дополнителни консултации. Дури и специјалистот не можел да го забележи туморот.

Шокираниот лекар се сетил на молитвата на Самсон и му поставил детални прашања на Багича.

„Каде е туморот на мозокот?“ „Во кој Бог верувате?“

Багича се насмевнал среќно.

„Бев длабоко вклучен во вражарството, меѓутоа, еден пионер на светската мисија се молеше за мене и ми го откри Исуса. Сега, верувам во Исуса Христа. Верувам дека Исус ме исцели од туморот на мозок. Исус дојде кај мене преку пионерот на светската мисија.“

Првата сабота, Багича го побарал Самсона во Адвентистичката црква во блиското село.

„Твојот Исус ме исцели“, рече тој.

„Враќајќи се во својот дом, тој на семејството и на соседите им раскажал сè што се случило со него.

„Исцелен сум и слободен од вражарството“, рекол тој. „Дојдете и вие во црквата каде што Исус исцелува“.

Преку сведоштвото на Багича, многу луѓе почнале да доаѓаат во адвентистичката црква во сабота. Околу педесет души барале да проучуваат библиски теми со Самсона, а половина од нив се крстиле во септември 2018 година, вклучувајќи ги и Багича и тројца членови на неговото семејство.

## Во врска со искуството

- Името на Багича значи „градина“.
- Погледнете го Багича во видеоклип на YouTube : bit.ly/Bagicha-Singh.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Амритсар е местото каде што се наоѓа Хармандир Сахиб, најсветото, и големо место за аџилак за Сиките. Оригиналниот храм бил изграден во 1570 година од сикот Гуру Рам Даша. Во 1830 година, махараџата РаџитСинг го обновува Харимандир Сахиб и куполите и обложил со100 кг злато, по што ова место се нарекува Сварн Мандир, или златен храм.

Останатите продолжуваат да ја проучуваат Библијата со многумина кои им се придружуваат.

Денес, Багича е верен член на црквата.

„Молете се за мене да му останам верен на Господа и да бидам подготвен за второто Христово доаѓање“.

Багича, и дваесет и пет членови и пријатели на неговото семејство, биле крстени од Самсон Гулам Масих, најблискиот адвентистички пастор во нивното село.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на поголема црковна зграда што ќе ја замени старата, дотраена, честопати пренатрупана црковна зграда каде што оди пасторот Самсон во Амритсар.

Ви благодариме што планирате да го поддржите Божјето дело со своите великодушни дарови.



# Лав во куќата

ИНДИЈА | 5 декември

Самсон Гулам Масих, 48

Гулам Масих имал многу прашања во врска со Бога. Како момче, секоја недела одел на две различни богослуженија со својот татко. Еднаш седмично, неговиот татко го носел на традиционалното место на богослужение на семејството, а во недела, го носел во различни христијански цркви.

Таткото не можел да одлучи што да прославува. Еднаш, додека ја читал семејната света книга, тој извикал: „Изгледа дека Исус се споменува во оваа книга повеќе од нашиот пророк! Зошто?"

Семејството создало своја единствена религија, која била делумно традиционална а делумно христијанска.

Како што растел Гулам, него сè повеќе го привлекувало христијанството. Сакал да знае повеќе за тоа и копнеел да го види Исуса со свои очи.

„Исусе, би сакал да те видам лице в лице", се молел тој.

Како млад човек, тој решил да го напушти семејниот дом и да се пресели во колиба на периферијата на селото Чаквал. Сакал да ја проучува Библијата самостојно неколку недели.

Селаните биле многу суеверни и не биле христијани. Забележале дека Гулам има тивко, љубезно однесување. Кога се понуди да се моли за еден болен селанец, а тој бил исцелен, тие го нарекле „Светиот човек".

Мештаните го почитувале како свет човек, доаѓајќи во неговата колиба секое утро и навечер со храна.

Во колибата, Гулам се молел и ја читал Библијата. Тој ги проучувал книгата на пророк Даниел и Откровението.

Тој ја повторувал својата молитва да го види Исуса.

„Господи, сакам да те видам. Те молам, откриј се пред мене".

Една вечер, додека се молел, ја читал Библијата седејќи на подот, почувствувал нечие присуство во собата. Го подигнал погледот и видел голем лав. Додека изненадено гледал во животното, лавот се наведнал и погледнал директно во него.

Гулам се исплашил, се оддалечил од ова диво животно, но тогаш слушнал звучен машки глас.

„Не плаши се“, рекол гласот. „Допри го и помилувај го лавот од главата до опашката“.

„Не можам да го сторам тоа!“ извикал Гулам. „Лавот ќе ме убие“.

„Се молеше да ме видиш“, рекол гласот.

„Се молев да го видам Исуса“, изустил Гулам.

„Исус е лавот од Јуда“, изјавил гласот. „Помилувај го лавот“.

Гулам читал за Исуса како лав од племето Јуда, „А еден од старешините ми рече: ’Не плачи! Ете, Лавот, кој е од Јудиното колено, Коренот Давидов, победи да ја отвори книгата и да ги скрши нејзините седум печати!’“ (Откровение 5,5).

Се исплашил, но не се осмелил да се спротивстави. Ја подигнал растреперената рака и ја ставил врз главата на лавот. Лавот не се движел.

## Во врска со искуството

- Погледнете за Самсон во видеото на YouTube : bit.ly/Samson-Masih.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Името „Индија“ потекнува од реката Инд. Околу 3300 години пред нашата ера, луѓето се населиле во плодната долина на реката Инд, од која потекнува денешната Индија, што ја прави најстара постоечка цивилизација.
- Индија има најголем поштенски систем во светот, со повеќе од 150.000 поштенски канцеларии – три пати повеќе отколку во Кина. Исто така, има и пловна пошта на езерото Дал во Шринагар. Покрај поштата, на бродот има и филателистички музеј.
- Индиската кујна е популарна во светот, но варира во зависност од областа. Оваа варијација честопати не се рефлектира во ресторанite надвор од Индија, каде што гостите очекуваат многу познати јадења како што се дал, самосас, нан и тандори.

Полека, со сè уште растреперена рака, го погалил лавот од главата до опашката.

Додека се оддалечувал од лавот, животното ја затресло опашката, бришејќи ја земјата на подот. Потоа, лавот излегол од колибата и се изгубил во темната ноќ.

Тоа утро, една жена од селото дошла во колибата со појадок во рацете. Застанала кога видела траги од лав. Фрлајќи ја храната од страв, потрчала назад кон селото.

„Светиот човек е мртов", викала таа. „Лав го убил. Ги видов трагите кога одев кон неговата колиба".

Мештаните потрчале кон колибата. Тие го нашле Гулам како седи на подот и ја чита Библијата.

Тој воопшто не се поместил откако заминал лавот. Кога мештаните ја слушнале неговата приказна, се зачудиле. Побарале да им сведочи за неговиот Исус.

Подоцна, Гулам дознал за саботата и станал адвентистички пастор. Тој основал црква во родното село Дарам Котбага, во северна Индија.

Гулам имал пет сина и две ќерки и починал во 1999 година на возраст од деведесет години.

Неговиот најмлад син, Самсон (48), е благодарен на Бога за искуството со лавот. „Бог сака да ги исполни желбите на нашето срце", кажува тој.

Дел од дарот на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на нова црковна зграда во Амритсар, каде што Самсон Гулам Масих служи како пастор.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства како дар за да се шири Божјето дело.




# Патување низ светот за да го пронајде Христа

ИНДИЈА | 12 декември

**Бријеш Кумар, 27**

Бријеш Кумар ја загубил работата во главниот град на Индонезија, Џакарта. „Сигурно постои некоја работа што можам да ја работам“, му рекол дваесет и тригодишниот Индиец на својот пријател каде што престојувал.

„Можеш ли да ми помогнеш да најдам работа?“

Бријеш ја напуштил Индија со надеж дека ќе најде работа со која ќе може да ја врати школарината, долг од 2014 година.

Неговите родители позајмиле средства од пријатели, но парите се потрошиле пред да дипломира. Заемодавците си ги барале парите назад.

Пријателот на Бријеш не знаел за друга работа, но тој го запознал Бријеша со некој кој му ветил американски бегалски статус за 2000 долари. Бријеш имал само 1000 долари, а сакал тие пари да им ги испрати на своите родители.

Меѓутоа, сметал дека би можел да заработи многу повеќе како бегалец во Соединетите Држави. Затоа ги предал парите во таа насока. Му било кажано дека ќе може да се качи на брод кој требало да заплови за Соединетите Држави во рок од една седмица.

Шест месеци подоцна, тој се качил на мал брод на брегот на Јава. Заедно со него, на бродот имало осумнаесет хиндуси и шеснаесет Непалци, и сите тие сакале да бараат азил во Соединетите Држави. Со бродот управувале двајца Индонезијци.

Патувањето било страшно. По два дена им снемало храна. Два дена подоцна, немало ниту вода. Бријеш собирал дождовница за да се напие вода. На седмиот ден, капетанот предупредил дека горивото работи на најниско ниво.

Неколку часа подоцна, на хоризонтот се појавил брег. Бродот дошол во пристаништето, а патниците и екипажот веднаш биле притворени. Тие дошле до микронезискиот остров Јап.

Бријеш и останатите патници останале притворени на пристаништето шест месеци. Американската полиција и агентите на ФБИ ги испрашувале. Свештенството на различни христијански деноминации им носело храна и други потреби. Им зборувале за Исус.

Бријеш никогаш порано не чул за Исуса, па затоа не бил заинтересиран. Сакал само да добие статус на бегалец. Меѓутоа, микронезиските власти сакале да го депортираат назад во Индија.

Како што месеците минувале, протокот на посетители се намалувал. Властите им дозволиле да направат импровизирани шатори давајќи им церади. Имале многу малку храна. Бријеш ја изгубил секоја надеж.

Тогаш се појавил пасторот Карамено со голем товарен контејнер. Бријеш и другите заплакале кога виделе дека во контејнерот има храна и облека. Пасторот Карамено редовно ја посетувал оваа група луѓе, а тие се собирале околу него за да го слушаат.

„Зошто упорно доаѓате да ни помагате кога сите други свештеници и пастори се откажаа?“ го прашал некој.

„Бидејќи Исус вас ве сака повеќе од мене. Тој се обидува да ве спаси. Се обидува да ви даде слобода“, рекол тој.

Тој им кажал дека е свештеник на Христијанската адвентистичка црква. По упорните прашања, тој неволно признал дека останувал без храна за да има за нив.

Луѓето од ова бродче се расплакале кога го слушнале ова. Во истиот ден, девет души од Непал му го предале своето срце на Исус.

Тие направиле посебен шатор за црква на кампот и почнале да ја празнуваат саботата.

Бријеш ја забележал промената што се случила кај овие луѓе. Претходно, тие често се бореле со хиндусите само за парче леб. Меѓутоа, сега тие пријателски го споделувале она што го имале. Една сабота, еден од Непалците го поканил Бријеш во црквата под шатор. Внатре, девет непалски жители топло го дочекале, молејќи се за него, за неговото семејство и за неговата иднина.

Бријеш се опуштил во нивното пријатно друштво. Ја прифатил Библијата, почнал да ја чита и да се моли.

Еден пријател од Непалците му рекол дека, ако му се моли на Бога во името на Исус, неговите молитви ќе бидат услишени. Одлучил да се обиде во тоа.

„Драги Боже, сиот мој товар и сите мои проблеми ги ставам на Исуса Христа", се молел тој. „Во името на Исус, те молам, амин".

Кога ги отворил очите, се чувствувал како да лета на небото. Ја отстранил драгоцената амајлија од вратата и ја фрлил во морето. Решил да го следи Исуса.

Брајш се откажал од својата желба за статус на бегалец во Америка, и тој бил депортиран назад во Индија. Пристигнал на аеродромот во Њу Делхи.

Денес Бријеш работи како пионер на светската мисија на Христијанската адвентистичка црква, студира на адвентистичкиот универзитет „Спајсер", со желба да стане пастор.

Преку библиските лекции што ги држел во последните две години четири лица му го предале своето срце на Исуса, а многу други се подготвуваат за крштевање.

Неговите родители, кои успеале да го вратат долгот додека бил на островот Јап, исто така ја проучувале Библијата.

Бријеш останал во контакт со деветтемина Непалци. Сите деветмина се верни христијани адвентисти во Непал. Уште еден од Хиндусите што бил со нив, станал адвентист, а денес, води бизнис со облека во Индија.

Бријеш изгубил контакт со другите.

## Во врска со искуството

- Погледнете го видеоспотот со Бријеш на Јутјуб : bit.ly/Brijesh- Кумар.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

## Брзи факти

- Во текот на 2018 година, луѓето во градот Варанаси, кој бил погоден од суша, организирале венчавка на две пластични жаби за да ја задоволат хинду-божицата на дождот Индра. Во индиската митологија се верува дека, ако се спојат две диви жаби, следејќи ги човечките свадбени ритуали, тоа ќе им донесе дожд.

„Сакам да им сведочам на луѓето за Господа. Бог ме спаси кога немав ништо“, изјавува тој.

Дел од даровите на 13-тата сабота ќе биде употребен за изградба на нов студентски дом во адвентистичкото училиште Варанаси, кое обезбедува образование и сместување за Бријеш и за другите додека се обучуваат за мисионска работа.

Ви благодариме што планирате великодушно да издвоите средства за ширење на радосната вест за Исуса.



# Научете да сакате

ИНДИЈА | 19 декември

**Ангелина Синг, 25**

Ангелина Синг одлучила да не ги сака пасторите кога имала четиринаесет години. Таа година, мајка ѝ се разболела и била однесена во болница во подалечно место, за да се лекува од сериозна инфекција на бубрезите и жолчното кесе. Татко ѝ останал со својата сопруга во болницата, оставајќи ја Ангелина дома со нејзиниот десетгодишен брат Рошан, во нивниот роден град Горакпур.

Децата оделе сами на училиште, а соседите ги хранеле.

И тогаш, Ангелина се разболела од жолтица и била хоспитализирана во близина на куќата. Се чувствувала многу осамено. Мислела на нејзината мајка, која била далеку од нив, исто така во болница. Се сетила на црквата во која одело нејзиното семејство секоја недела. Таа копнеела некој да дојде да ја посети, „Драги Боже, те молам испрати некој да ме посети“, се молела секој ден.

Сепак, никој не дошол.

По десет дена дошле таткото и мајката во болница. Мајка ѝ се чувствувала добро, па нејзините родители ја однеле дома.

Девојчето наскоро дознало дека никој не ја посетил мајка ѝ во болницата. Не дошол никој од нивната црква, ни пасторот. Се чув-

ствувала разочарана и лута. Тогаш решила никогаш повеќе да не оди во црква, а решила и повеќе да не му верува на пасторот. Ако некој само го спомнел зборот „пастор“, кај неа се јавувал длабок гнев.

Неколку години подоцна, еден ден, тетката ѝ се јавила на телефон: „Дали знаевте дека во нашиот град има црква наречена Христијанска адвентистичка црква?“ – прашала таа. „Таму има еден млад пастор. Тој беше во нашиот дом. Дојдете кај нас и запознајте го.“

Ангелина не сакала да се запознае со пасторот.

„Не“, рекла таа. „Не сакам пастори“.

Тетка ѝ се јавила неколку дена подоцна и ја поканила Ангелина да се запознае со пасторот.

„Не сакам да видам ниту еден пастор, ниту да одам во која било црква“, упорно велела.

По некое време, тетката се јавила со тажна вест. Нејзиниот сопруг починал, а таа ги поканила членовите на семејството да присуствуваат на погребот. Ја замолила Ангелина да го извести адвентистичкиот пастор, Прадип Синг. Тој го охрабрил семејството изнесувајќи им поуки од Библијата.

На мајката на Ангелина ѝ се допаднал пасторот и го поканила да го посети нивниот дом. Имале многу прашања. Таа и нејзиниот татко разговарале со пасторот цели три часа. Откако се молеле заедно, тие побарале од пасторот повторно да дојде следниот ден. Пасторот го поканил семејството да присуствува на црковните служби во сабота. Татко ѝ, мајка ѝ и Рошан отишле во црква таа сабота. Виделе дека оваа црква е поинаква од другите. Им се допаднало и побарале библиски проучувања. По три месеци, сите тројца се крстиле. Сепак, Ангелина одбивала да им се придружи.

По крштавањето, пасторот продолжил да ги изнесува библиските лекции во нивниот дом секоја седмица.

Кога би дошол да ги посети, Ангелина одела во друга просторија и таму чекала додека тој не си замине. Иако би ја затворила вратата, таа можела да го слуша разговорот и молитвите.

Поминало повеќе од една година. Еден ден, Ангелина одеднаш ѝ рекла на мајка си: „Јавете му се на пасторот, сакам да ја проучувам Библијата“.

Сите биле изненадени.

„Како се случи тоа?“ прашала мајката. „Се молевме година и пол“.

Пасторот мислел дека Ангелина се шегува, но ги споделувал со неа библиските вистини. Таа му го предала своето срце на Исуса во 2017 година.

Неколку месеци по крштевањето, таа повторно ги изненадила родителите.

„Сакам да се омажам за адвентистичкиот пастор“, рекла таа. „Сакам да бидам сопруга на пасторот“.

Нејзините родители се загрижиле за тоа што ќе каже пасторот, па внимателно му кажале за желбата на својата ќерка. Тие не знаеле дека пасторот Прадип се молел три години да ја најде вистинската сопруга. Никогаш не сметал дека Ангелина е можна сопруга, но кога слушнал за нејзината желба, не можел да ја одбие.

„Со задоволство ќе ја прифатам за моја жена“, рекол тој со широка насмевка на лицето.

Прадип и Ангелина се венчале во октомври 2018 година. Денес, Ангелина работи во Горакпур како медицинска сестра и служи како ѓакон во црквата каде што работи нејзиниот сопруг.

Таа е восхитена што Бог ја искористил за да ги донесе луѓето кај себе. Пет роднини и пријатели се крстиле откако биле сведоци за промените во нејзиниот живот.

„Сега верувам дека пасторите се добри луѓе. Сега ги сакам пасторите, особено мојот сопруг“.

Ангелина го сака и адвентистичкото образование. Откако станала член на црквата, таа го посетила адвентистичкото училиште во блискиот град Варанаси. Таму видела дека децата во своето образование користат Библија. Таа била навистина импресионирана, па ги убедила нејзините роднини да ги запишат своите деца во интернатската школа.

Досега Ангелина довела шест деца во ова наше училиште, кое ќе прими дел од даровите на 13-тата сабота.

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства за Божјето дело.

## Во врска со искуството

- Пастор Прадип има 28 години.
- Можете да преземате слики со висока резолуција од Фејсбук : bit.ly/fb-mq

## Интересни факти

- Главниот верски центар во Индија, Варанаси претставува најсвет град од седум градови (Сапта Пури) во хиндуизмот и џианизмот, а има значајна улога и во развојот на будизмот.

## Програма на 13-тата сабота 26 декември 2020

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Богатство не сакам“, од песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 306 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Нападната од својот дедо“ |
| **Дар** | Замолете ги децата, додека се приложува дарот, да ја пеат песната „Исус ме сака“ |
| **Завршна песна** | „Земја на радост нѐ чека нас“, од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 30 |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка:(Учесниците не мора да ги запаметат нивните делови, но за да биде доволно запознаени со материјалот, така да не мора да прочитате што од сценариото. Воз себе целата програма, така што учесниците можат да се чувствуваат удобно и, доколку е потребно, нагласи она што го сметаат за важни.)*



# Нападната од својот дедо

ИНДИЈА | 26 декември

Бријеш Кумар, 27

Дедото бил љубезен, нежен човек. Тој ѝ раскажувал приказни на својата петгодишна внука Кацал и си играл со својот тригодишен внук Нишант.

Меѓутоа, сѐ се променило откако доживеал некоја несреќа. Се лизнал и паднал на земјата додека од пазар се враќал пеш дома во селото Наороли во Индија. Можел да стане, но неговата нежна, кротка и добра природа исчезнала. Почнал да вика кога Нишант сакал да си игра со него.

Кога Кацалби дошла да ѝ раскаже некоја приказна, тој фрлал камења кон неа, постапувајќи како луд низ куќата. Се качувал на покривот на куќата и скокал од него, а потоа пак се качувал и повторно скокал. Плачел и дење и ноќе. Другите жители почнале да се плашат да бидат во негово присуство, па дури и бабата. Кацал ќе се криела секогаш кога ќе се нашла во негова близина.

Таткото, мајката и бабата ги воделе дедото по лекари во најголемите болници. Оделе кај вражари-исцелители, кои ветувале дека ќе ги истераат лошите духови од него. Му давале на дедото лекови, но тоа ништо не помогнало.

Кацал била тажна и вознемирена. Ѝ недостасувале приказните на нејзиниот дедо. И останатите во домот биле вознемирени. Дедото знаел да ги земе камените фигури на боговите од нивниот семеен олтар и да ги фрла врз домашните.

„Зошто нашите богови не можат да му помогнат на дедо?“ прашала еден ден мајката.

„Зошто нашите богови не го спречат дедо да ги фрла врз нас?“ прашал и таткото.

„Мораме да сториме нешто, а да не зависиме од боговите“, рекла бабата.

Семејството ја изгубило верата во нивните камени богови. Сепак,

## Во врска со искуството

- Името на мајката на Каџала е Канчан Кануџија (36), а името на нејзиниот татко е Прамод Кумар (40).
- Мајката служи како благајник во црквата и ги учи децата да читаат, што е дел од црковната програма. Во последните 3 години, осум луѓе му го предале своето срце на Исус благодарение на нејзината посветеност.
- Погледнете го Кајал на ЈуТјуб: bit.ly/Kajal-Kanojija.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).

тие се обиделе да пронајдат некаков лек, па се преселиле од селото во големиот град Варанаси во потрага по медицински третмани коишто би можеле да му помогнат на нивниот дедо.

Каџал била среќна што била сместена во мала изнајмена соба со нејзините родители, баба, дедо и брат, и се надевала дека нејзиниот дедо ќе се излечи и дека ќе може повторно да ги раскажува неговите приказни.

Таткото и мајката отвориле мала продавница за перење алишта. Го воделе дедото кај различни лекари.

Една недела, родителите решиле да појдат во христијанска црква. Мајката рекла дека некој муштерија ја уверувал дека пасторот на црквата би можел да му помогне на нивниот дедо, молејќи се на својот Бог.

Таткото и мајката не биле христијани, но била подготвени да му се молат на новиот Бог, ако тоа му помогне на дедото.

Мајката рекла дека Каџал и нејзиниот брат се премногу мали за да одат во црква и дека треба да останат со својата баба и дедо.

По службата во црквата, мајката ѝ рекла на бабата дека пасторот се молел за дедото и за другите членови на семејството и дека таа и таткото планирале да се вратат во црквата следната недела.

Се појавил нов проблем. Сопственикот на едноособниот стан дознал дека родителите се надеваат дека Исус ќе го излечи нивниот дедо. Тој налутено го исфрлил семејството од станот.

„Можете да одите во црква и да го прифатите Исуса, но не можете да живеете под мојот покрив во исто време", им рекол тој.

Не можејќи да најдат друго место за живеење што би било евтино, тие се вратиле во своето село.



Каџал Кануџиј, 14, со своите родители и со 12-годишниот брат, Нишант, во адвентистичката црква во Варанаси, Индија.

Таткото и мајката биле обесхрабрени затоа што го сакале Исуса, но немало црква во нивното село. Семејството се собирало секој ден за да го слави Исуса, а таткото се молел: „Господи, ако си Бог на љубовта, покажи ни каде треба да одиме“.

Следната сабота наутро, мајката слушнала како одекнува од некаде мелодична музика. Таа отишла во дворот на куќата и видела дека од куќата наспроти нив доаѓа убава музика.

„Што се случува таму?“ прашала таа некој од соседите.

„Го слават Бога“, одговорил соседот.

„На тоа место порано, луѓето не го славеа Бога“, рекла мајката. „Зошто не го слават Бога во недела?“

„Не знам, но гледам дека се одржува некое богослужение“, одговорил тој.

Во тој момент, од куќата излегло едно лице и го слушнало разговорот. Тогаш се обратило: „Дојдете, можете да влезете со мене во куќата“, рекла сосетката Цира. Таа била адвентист.

Цира ја запознала мајката со адвентистичкиот пастор, кој ја поканил да дојде на богослужението со останатите во ова домаќинство во домашната црква. Таа прифатила, размислувајќи и прашувајќи се зошто овие луѓе го слават Бога во сабота, а не во недела.

На крајот од богослужбата, таа го прашала пасторот.

„Зошто вие го обожавате Бога во сабота. Сите христијани го слават Бога во недела, додека вие ја држите саботата. Зошто?“

„Ќе ви покажам од Библијата“, одговорил пасторот.

Таа седмица, таткото, мајката и бабата почнале да ги проучуваат основните вистини на Библијата, започнувајќи од создавањето, кога Бог го издвоил седмиот ден и ги посветил. Сите тројца наскоро му го предале своето срце на Исуса.

За жал, дедото никогаш не закрепнал од својата болест. Починал

во периодот додека семејството ги проучувало библиските вистини.

Иако Каџал никогаш повеќе не ги слушала приказните на својот дедо, таа е одушевена што има Библија во која има подобри приказни од оние што до тогаш ги слушала од деда си.

Денес Каџал има четиринаесет години и ја проучува Библијата со својот дванаесетгодишен брат во основното интернационално адвентистичко училиште во Варанаси, кое ќе добие дел од средствата на 13-тата сабота за проширување на блокот со спални соби.

„Сакам да пеам, да ја проучувам Библијата и да се молам на училиште“, вели Кајал. „Со поголеми спални соби, уште повеќе деца ќе можат да уживаат во песните, проучувањето на Библијата и молитвите“.

Ви благодариме за вашите великодушни дарови. Тие ќе бидат употребени за училиштето на Каџала, како и за други проекти на 13-тата сабота во Индија.

Ви благодариме што помагате драгоцените души од Индија да ја слушнат приказната за Исус, која ќе им донесе вечен живот.

*(Приложување на даровите придружено со инструментална музика).*

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проекти што ќе бидат во фокусот на следното тримесечје од Евроазиската дивизија на Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден:

- Изградба на двокатна градинка, основно и средно училиште на кампусот на адвентистичкиот универзитет Заовски во областа Тула во Русија.
- Изградба на три нивоа за градинка, основно и средно училиште на кампусот на украинскиот адвентистички центар за високо образование во Буча, Украина.

# Градиво за саботна школа
# 4/2020

## ВЕСТИ / ИСКУСТВА ОД СВЕТОТ

Излегува тримесечно

***Издава:***
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква,
црква на адвентистите на
седмиот ден во Р. Македонија

***Превод и техничка подготовка:***
Мелита Томовска

***Коригирал:***
Томе Трајков

***Одговара:***
Томе Трајков

***Адреса:***
Ул. „Влае“ бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.org.mk

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**